РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

октомври, 2015 година

# СОДРЖИНА

Резиме ....... 2

I. Реален сектор

Индустриско производство ....... 3

Број на работници во индустријата ....... 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....... 4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....... 5

Инфлација ....... 5

Берзански цени ....... 7

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ....... 8

Увоз ....... 9

Салдо на трговска размена ....... 10

Валутна структура ....... 10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи ....... 11

Буџетски расходи ....... 12

Буџетско салдо ....... 13

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ....... 13

Плати ....... 14

Пензии ....... 15

5. Монетарен сектор

Примарни пари ....... 15

Депозитен потенцијал ....... 16

Кредити на банките ....... 17

Каматни стапки на депозитни банки ....... 17

Пазар на капитал ....... 17

Девизни резерви ....... 18

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

октомври, 2015 година

- Индустриското производство во октомври 2015 година во споредба со октомври 2014 година забележа раст од 13,1%;

- Потрошувачките цени во октомври 2015 година се намалија за 0,5% на годишна основа, по падот од 0,2% регистриран претходниот месец;

- Извозот во периодот јануари – октомври 2015 година забележа раст од 8,3%, а увозот раст од 4,2%, што резултираше со стеснување на трговскиот дефицит за 4,8% споредено со истиот период минатата година;

- Во периодот јануари – октомври 2015 година вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 131.491 милион денари, што претставува поголемо остварување за 11,2% во однос на истиот период 2014 година. Вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 146.230 милиони денари, што е за 7,2% повеќе во однос на 2014 година;

- Вкупните кредити на банките забележаа раст од 8,4% на годишна основа, а вкупниот депозитен потенцијал на банките регистрираше раст од 6,5%.

# РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во октомври 2015 година забележа раст од 13,1% во споредба со октомври 2014 година, со што продолжи периодот на висок раст на производството. Притоа, раст од 18,2% е забележан во секторот Преработувачка индустрија, додека пад е забележан во секторите Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 14,4% и Рударство и вадење камен од 6,8%.




Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во октомври 2015 година има Производството на облека (9,3 п.п.), а најголем негативен придонес има Производството на пијалаци (1,2 п.п.).




* Раст од над 100% е забележан во категоријата Преработка на дрво и производи од дрво и плута, додека пад од 100% е забележан во категоријата Производство на кокс и рафинирани нафтени производи.

Податоците за индустриското производство по наменски групи во октомври 2015 година во однос на октомври 2014 година покажуваат зголемување на производството во групите: Капитални производи од 27,4%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 23,1%, Интермедијарни производи, освен енергија од 5,2%

и Трајни производи за широка потрошувачка од 0,3%. Пад на производството е забележан единствено во групата Енергија од 14,2%.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во октомври 2015 година забележа раст од 2,0%. Растот се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 2,4%. Раст е забележан и во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,8%, додека намалување на бројот на работници е забележан во секторот Рударство и вадење камен од 2,0%.




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во октомври 2015 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување има кај групите: Капитални производи за 18,4% и Интермедијарни производи, освен енергија за 2,2%, додека пад на бројот на работници е регистриран кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка за 1,8%, Енергија од 1,3% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 0,4%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во октомври 2015 година е поповолна и во однос на претходниот месец и во однос на октомври 2014 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во октомври 2015 година изнесува 64,0%, што претставува зголемување во однос на септември 2015 година, кога изнесуваше 63,9%. Споредено со истиот месец претходната година, искористеноста на капацитетите е повисока за 2,2 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во октомври 2015 година имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 23,9%, недоволната домашна побарувачка со 23,8%, недоволната странска побарувачка со 23,7%, конкурентниот увоз со 6,8%, финансиските проблеми со 5,6% и неизвесното економско окружување со 4,9%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во октомври 2015 година во однос на септември 2015 година е поповолна, како и очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци, додека залихите на готови производи се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во октомври 2015 година издадени се 326 одобренија за градење, што претставува зголемување од 35,3% во однос на октомври 2014 година. Во однос на претходниот месец, кога биле издадени 316 одобренија, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 3,2%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во октомври 2015 година во однос на истиот месец претходната година е зголемена за 52,9%. Во однос на септември 2015 година, вредноста на објектите бележи зголемување од 20,8%.




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 187 (или 57,4%) се наменети за објекти од високоградба, 45 (или 13,8%) за објекти од нискоградба и 94 (или 28,8%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 326 издадени одобренија за градба, на 202 (или 62,0%) објекта како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 124 објекти (или 38,0%) инвеститори се деловни субјекти.




Во октомври 2015 година предвидена е изградба на 869 стана, со вкупна корисна површина од 69.474м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е зголемен за 79,2% во однос на октомври 2014 година, а во однос на претходниот месец за 131,1%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во октомври 2015 година се намалија за 0,5% на годишна основа, по падот од 0,2% регистриран претходниот месец.



Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - октомври 2015 година изнесува -0,3%.

Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во октомври забележа годишен пад на цените од 0,1%, како резултат на намалените цени во повеќе поткатегории, при што падот е највисок во поткатегориите Месо од 2,5% и Зеленчук од 2,4%.




Годишен пад на цените во октомври е регистриран и во категориите Транспорт и Комуникации, при што цените во овие категории се намалени за 10,6% и 4,4%, соодветно. Највисок годишен раст на цените е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун од 5,3%, следена со порастот на цените во категориите Здравје од 3,3%, Рекреација и култура од 2,1%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 2,0%, Ресторани и хотели од 1,1%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,8% и Образование и Облека и обувки од по 0,1%.

Потрошувачките цени во октомври 2015 година останаа непроменети во однос на претходниот месец. Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци забележаа пад од 0,3% во споредба со претходниот месец, што главно се должи на намалувањето на цените во поткатегоријата Овошје за 7,5%. Месечен пад на цените во октомври е регистриран и во категориите: Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,3% и Транспорт од 0,2%. Месечен раст на цените е регистриран во категориите Облека и обуки и Здравје од по 1,2%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,5%, Рекреација и култура од 0,2% и Образование и Останати стоки и услуги од по 0,1%. Цените во категориите Алкохолни пијалаци, тутун, Комуникации и Ресторани и хотели останаа непроменети.

Цените на мало во октомври 2015 година во однос на истиот месец претходната година се намалени за 1,2%, а споредено со претходниот месец се пониски за 0,2%. Цените на мало во периодот јануари - октомври 2015 година се намалени за 1,5%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во октомври 2015 година забележа раст од 1,9% во однос на септември 2015 година и изнесуваше 48,1 долар за барел. Во однос на истиот месец претходната година, цената на нафтата е пониска за 44,9%. Цената на природниот гас во октомври 2015 година споредено со претходниот месец се намали за 7,6%.




Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз во октомври 2015 година се тргуваше со просечна цена од 10.317 долари за еден метрички тон ($/мт), што претставува зголемување на цената од 3,8% на месечна основа. Во однос на останатите основни метали, месечен раст на цените во октомври се забележува и кај калајот од 2,2%, кај оловото од 2,1% и кај цинкот од 0,2%. За разлика од нив, цената на алуминиумот бележи пад од 4,6%, додека пак цената на бакарот остана непроменета на месечна основа. Цената на железната руда во октомври 2015 година, во однос на септември 2015 година, бележи пад од 7,0%.

Во однос на благородните метали, во октомври цената на среброто се зголеми за 6,7%, на златото за 3,0%, додека пак цената на платината забележа раст од 1,3%.

Анализирано на месечна основа, во октомври 2015 година цената на пченката на светските берзи се зголеми за 3,5%, а на пченицата остана непроменета. Цената на јагнешкото месо во октомври во однос на претходниот месец забележа намалување од 1,2%.



# *НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешно - трговска размена во првите десет месеци од 2015 година изнесува 8.061,9 милиони евра, што претставува раст од 5,9% во однос на истиот период минатата година.




Во периодот јануари–октомври 2015 година, најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 68,5%, што претставува намалување од 0,6 п.п. во однос на истиот период претходната година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - октомври 2015 година изнесува 3.345,6 милиони евра и бележи раст од 8,3% (257,4 милиони евра) во однос на истиот период од 2014 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 3,7%.

Вредноста на извезените стоки во октомври 2015 година изнесува 348,8 милиони евра и бележи пад од 1,1% (3,7 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намали за 6,4%.

Анализирано на месечно ниво, во октомври 2015 година извозот бележи пад од 5,1% (18,6 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот тој регистрира месечен пад од 2,7% .




Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - октомври 2015 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 52,6% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – октомври 2015 година споредено со истиот период од 2014 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, ЕФТА и Организација за економска соработка на земји

од Азиско - пацифичкиот регион, додека пад има кај групациите: Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 8,6% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан пад од 3,8%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 76,9% и 12,4% соодветно.




## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – октомври 2015 година изнесува 4.716,3 милиони евра и бележи раст од 4,2% (188,4 милиони евра) во однос на истиот период од 2014 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 1,5%.

Вредноста на увозот во октомври 2015 година изнесува 532,6 милиони евра, што претставува зголемување за 2,5% (13,0 милиони евра) во однос на истиот месец од 2014 година, а увезените количини стоки се зголемени за 2,0%.




Анализирано на месечно ниво, во октомври 2015 година увозот бележи раст од 15,8% (72,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот тој регистрира месечен раст од 3,2%.

Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2014 | I - X - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 107,5 | 52,6 | -55,0 | -51,1 |
| Мил. ЕУР | 46,4 | 28,5 | -17,8 | -38,5 |
| Мил.$ | 62,3 | 31,8 | -30,5 | -48,9 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2014 | I - X - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 795,1 | 767,4 | -27,7 | -3,5 |
| Мил. ЕУР | 460,8 | 350,7 | -110,1 | -23,9 |
| Мил.$ | 619,8 | 390,5 | -229,3 | -37,0 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2014 | I - X - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 10,4 | 13,0 | 2,6 | 25,5 |
| Мил. ЕУР | 535,5 | 631,5 | 96,1 | 17,9 |
| Мил.$ | 718,5 | 703,8 | -14,8 | -2,1 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2014 | I - X - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 26,8 | 26,0 | -0,8 | -3,0 |
| Мил. ЕУР | 73,5 | 102,7 | 29,2 | 39,7 |
| Мил.$ | 99,0 | 114,2 | 15,2 | 15,4 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2014 | I - X - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 508,0 | 493,1 | -14,9 | -2,9 |
| Мил. ЕУР | 467,3 | 453,8 | -13,5 | -2,9 |
| Мил.$ | 627,0 | 504,1 | -122,9 | -19,6 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2014 | I - X - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 451,7 | 511,2 | 59,5 | 13,2 |
| Мил. ЕУР | 222,0 | 239,4 | 17,4 | 7,8 |
| Мил.$ | 298,0 | 266,2 | -31,7 | -10,6 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите десет месеци од 2015 година трговскиот дефицит се намали за 4,8% односно 69,0 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Трговскиот дефицит во октомври 2015 година се зголеми за 10,0% односно 16,7 милиони евра споредено со октомври минатата година.




Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: стеснетото негативно салдо во размената со горива и мазива, стоки за инвестиции без транспортна опрема и транспортна опрема, додека во спротивна насока дејствуваше проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки, храна и пијалаци и стоки за широка потрошувачка.

Во периодот јануари – октомври 2015 година 78,7% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Србија и Турција, а потоа следуваат: Кина, Италија, Јужна Африка, Русија, Романија, Австрија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и Босна и Херцеговина.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 81,7% од трговската размена во периодот јануари - октомври 2015 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2014 година претставува зголемување од 2,5 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 87,7% и 77,5%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 0,3 п.п., додека кај увозот е зголемена за 3,8 п.п. во однос на периодот јануари – октомври 2014 година.

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I - X - 2014 | | | | | I - X - 2015 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 2.672,9 | 3.338.344.739 | 61,6186 | 205.704.129.136 | 73,7 | 2.852,5 | 3.655.388.260 | 61,6054 | 225.191.655.891 | 77,5 | 317.043.521 | 9,5 |
| УСД | 2.319,9 | 1.247.718.353 | 45,7874 | 57.129.779.305 | 20,5 | 2.215,4 | 1.114.384.779 | 55,1981 | 61.511.922.472 | 21,2 | -133.333.574 | -10,7 |
| ГБП | 4,4 | 182.933.969 | 76,1191 | 13.924.769.086 | 5,0 | 5,5 | 17.357.974 | 84,6256 | 1.468.928.940 | 0,5 | -165.575.995 | -90,5 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 4.997,2 | | | 276.758.677.527 | 94,2 | 5.073,4 | | | 288.172.507.303 | 99,2 | | |
| вк извоз: | 5.006,1 | | | 279.021.873.067 | 100,0 | 5.082,6 | | | 290.579.577.618 | 100,0 | | 4,1 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# *ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - октомври 2015 година изнесуваа 131.491 милиони денари, односно 23,8% од БДП, што претставува поголемо остварување за 11,2% во однос на истиот период од 2014 година.

Даночните приходи во овие десет месеци изнесуваат 75.862 милиони денари, односно 13,7% од БДП и во однос на истиот период од 2014 година се зголемени за 11,4%.

Одделни категории приходи и расходи (во милиони денари); Извор: МФ




Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 34.973 милиони денари, односно 6,3% од БДП, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој период е доминантно и изнесува 46,1%. Акцизите се остварени во износ од 16.394 милиони денари (учество од 21,6% во даночните приходи). Така, од овие два индиректни данока во овој десетмесечен период се остварени приходи од 51.367 милиони денари, што претставува 67,7% од вкупните даночни приходи (9,3% од БДП). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 50.073 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 15.100 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 1,6%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 8,9% споредено со истиот период од 2014 година).

Во структурата на наплатата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој забележува зголемување од 0,6%, додека ДДВ од прометот во земјата забележува раст од 4,8%. Учеството на ДДВ донациите е незначително и забележува помало остварување за 77,9%. Набљудувано по одделни категории даноци, приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 10.039 милиони денари и забележуваат раст од 3,7% на годишна основа, при што околу 2/3, односно 68,6% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични

примања, 6,7% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 5,6% по основ на договор на дело, 6,6% од приходи од капитал и 3,8% од приходи од имот и имотни права. Споредено со истиот период од 2014 година приходите од данокот на добивка во износ од 10.379 милиони денари забележаа зголемување од 137,2%, што главно е резултат на данокот наплатен по основ на даночни биланси со учество од 49,4% во вкупниот данок на добивка, по месечни аконтации со 38,0%, од исплатена дивиденда и друга распределба од добивката учество од 5,6% и 6,3% по основ на задржан данок на исплатените приходи на странски правни лица.

Приходите од ДДВ забележаа намалување од 1,3%, додека акцизите забележаа зголемување од 14,6%. Приходите од царина беа остварени во износ од 3.548 милиони денари и забележаа зголемена реализација за 2,0%. Приходите од други даноци со остварен износ од 529 милиони денари забележаа намалување од 36,9%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 10.285 милиони денари и во однос на истиот период од 2014 година забележаа раст од 18,1% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се остварија во износ од 2.035 милиони денари, што претставува зголемување од 25,4% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се оствариja во износ од 2.575 милиони денари, односно за 19,4% повеќе во однос на истиот период лани.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 39.043 милиони денари, што е за 8,2% повеќе споредено со истиот период од 2014 година, при што зголемување на наплатата се забележува кај придонесите од пензиско и инвалидско осигурување од 8,2%, кај придонесите за здравствено осигурување 8,4% и кај придонесите за вработување од 8,1%.

## Буџетски расходи

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари - октомври 2015 година изнесуваа 146.230 милиони денари, односно 26,5% од БДП, што е за 7,2% повеќе во однос на 2014 година.

Тековните расходи во износ од 133.484 милиони денари се зголемени за 8,4% во однос на истиот период од 2014 година. Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 93.156 милиони денари и учествуваа со 63,7% во вкупните расходи.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 20.460 милиони денари, така што нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 14,0%, а во однос на 2014 година се зголемени за 7,0%. Расходите за стоки и услуги изнесуваа 14.463 милиони денари, со учество од 9,9% во вкупните расходи и споредено со истиот период од 2014 година се реализирани за 14,5% повеќе.

Социјалните трансфери изнесуваа 68.803 милиони денари и забележаа раст од 6,7% споредено со истиот период од 2014 година и учествуваа со 47,1% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, со износ од 41.628 милиони денари, со реализација која е зголемена за 3,7%, споредено со истиот период од 2014 година и учество од 28,5% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 15,8%, односно забележа зголемување од 4,1%, споредено со истиот период лани. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 12.105 милиони денари беа реализирани за 5,6% повеќе во однос на истиот период претходната година. Субвенциите кои се реализирани во износ од 9.614 милиони денари учествуваат со 6,6% во вкупните расходи.

Каматите се реализирани во износ од 5.405 милиони денари, што е за 38,5% повеќе во споредба со истиот период од 2014 година. Ваквото остварување е поради исплатата на доспеаните обврски за камати од задолжување во земјата и во странство. Трошоците за камати од домашно задолжување беа зголемени за 11,3%, додека за задолжување во странство за 70,7%.

Во анализираниот десетмесечен период, средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 12.746 милиони денари, со структурно учество од 8,7% во вкупните расходи (2,3% учество во БДП).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари - октомври 2015 година, во Буџетот на Република Македонија е остварен дефицит од 14.739 милиони денари, додека дефицитот на Централниот буџет изнесува 12.458 милиони денари.

# *СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Новоработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари – октомври 2015 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 155.141 нови засновани работни односи. Вкупниот број новоработени во овој период е поголем за 5,9% во однос на истиот период од 2014 година.



Од вкупниот број нововработени, 47,9% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во октомври 2015 година 23,3% се од евиденцијата на невработени.




Вкупниот број невработени лица изнесува 212.626 лица, од кои 116.874 се активни баратели на работа, а 95.752 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 4,6%.

Најголем дел од невработените лица (69,1%) се градско население, а 58,9% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 53,9% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 30,3% се со завршено средно образование, додека 15,8% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 53,7% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 50,9% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 10,4% чекаат 8 и повеќе години.







## Плати

Просечната номинална нето-плата во септември 2015 година оствари годишен раст од 3,5%, а во однос на претходниот месец е повисока за 0,6%. Најголем раст на просечната нето–плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (54,7%), Други услужни дејности (27,3%) и Административни и помошни услужни дејности (8,4%). Реалните плати во септември забележаа годишен раст од 3,7%.

Просечната номинална бруто-плата во септември 2015 година оствари годишен раст од 3,7%, а во

однос на претходниот месец таа е повисока за 0,4%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (43,9,%), Други услужни дејности (23,9%) и Административни и помошни услужни дејности (9,0%). Реалната бруто плата забележа годишен раст од 3,9%.

Процентот на вработени кои не примиле плата во септември 2015 година изнесува 1,0% и во однос на истиот месец претходната година е повисок за 0,1 п.п., а за 0,5 п.п. понизок во однос на август 2015 година.

## Пензии

Во октомври 2015 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 298.770 пензионери, што претставува зголемување од 1,7% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е поголем за 816 лица. Од вкупниот број пензионери, 60,5% се корисници на старосна пензија, 25,5% на семејна пензија и 14,0% на инвалидска пензија.




Просечната пензија во октомври 2015 година изнесува 13.062 денари и е за 5,1% зголемена во однос на истиот месец од минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во септември 2015 година (последни расположливи податоци) изнесува 59,4%.

Просечната старосна пензија во октомври изнесува 14.446 денари, просечната инвалидска пензија 11.787 денари, а просечната семејна пензија 10.444 денари. За исплата на пензиите во октомври 2015 година се потрошени 3.805,64 милиони денари, што претставува 52,1% од вкупните социјални трансфери.

# *МОНЕТАРЕН СЕКТОР*

Во октомври 2015 година, Народна банка на Република Македонија, во услови на стабилни движења, одлучи да ја задржи каматната стапка на благајничките записи на нивото од 3,25%. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.



## Примарни пари

Во октомври 2015 година, примарните пари[1] регистрираа раст од 5,4% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек од 12,5%, додека вкупните ликвидни средства на банките регистрираа намалување за 0,8%.

На месечно ниво, примарните пари забележаа пад од 1,9%, при пад на вкупните ликвидни средства на банките од 4,0% и раст на готовите пари во оптек од 0,4%.

## Депозитен потенцијал

Во октомври 2015 година, вкупните депозити на банките регистрираа раст од 1,0% на месечно ниво.

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор ( октомври 2015 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **294008** | **1,0%** | **6,5%** |
| Денари | *173638* | 1,0% | 8,6% |
| Странска валута | *120370* | 0,8% | 3,7% |
| Краткорочни | *146016* | 0,5% | -0,9% |
| Долгорочни | *80684* | 0,4% | 8,4% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **269237** | **0,3%** | **8,4%** |
| Денари | *215622* | 1,1% | 11,3% |
| Странска валута | *53615* | -2,7% | -1,7% |

Извор: НБРМ

Секторската анализа укажува дека, споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија и депозитите на домаќинствата забележаа раст од по 3,9% и 0,1%, соодветно. Од аспект на валутата, споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 1,0%, а истовремено се зголемија и депозитите во странска за 0,8%.




Вкупниот депозитен потенцијал во октомври 2015 година оствари раст од 6,5% на годишна основа. Анализирано според валутата, растот беше воден од депозитите во домашна валута, кои забележаа раст од 8,6%, а депозитите во странска валута се зголемија за 3,7%.

[1]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

Од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата овој месец бележат раст од 4,4%, а депозитите на претпријатијата се зголемија за 8,0%. Според рочноста, долгорочните депозити бележат раст од 8,4%, а краткорочните депозити се намалија за 0,9%. Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 59,1%.

## Кредити на банките

Во октомври 2015 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор забележаа раст од 0,3% на месечна основа. Секторската анализа укажува дека во октомври кредитите кон домаќинствата се зголемија за 0,8%, а кредитите кон претпријатијата регистрираа пад од 0,2%. Од аспект на валутата, во октомври 2015 година денарските кредити се зголемија за 1,1%, додека пак девизните кредити се намалија за 2,7% во однос на минатиот месец.

На годишна основа, во октомври 2015 година вкупните кредити се зголемија за 8,4%, во услови на раст на кредитите кон претпријатијата од 5,3% и раст на кредитите кон домаќинствата од 12,5%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 11,3%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 1,7%.

Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 12,4%, а краткорочните кредити се повисоки за 1,5%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во октомври 2015 година каматните стапки не регистрираа промени во споредба со претходниот месец, со исклучок на каматните стапки на денарските кредити. Вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 6,7% и е непроменета во споредба со претходниот месец. Каматните стапки на денарските кредити се намалија за 0,1 п.п. и изнесуваат 6,9%, додека каматните стапки на девизните кредити не регистрираа промени и изнесуваат 5,8%. Вкупната каматна стапка на депозитите во октомври изнесува 2,0%. Каматните стапки на денарските депозити и девизните депозити се непроменети во однос на минатиот месец и изнесуваат 2,7% и 1,1%, соодветно.




## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во октомври 2015 година регистрираше зголемување од 45,9% на месечно ниво, како резултат на зголемувањето на прометот од блок трансакциите за 2,6 пати и реализираната јавна понуда на хартии од вредност во износ од 14 милиони денари, додека прометот од класичното тргување се намали за 0,5%.

Вкупниот промет на берзата во октомври 2015 година изнесуваше 230 милиони денари што претставува пад од 95,1% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во октомври 2015 година изнесуваше 1.727,91 индексни поени, што претставува раст од 1,4% на месечно ниво, додека во однос на истиот месец претходната година индексот е понизок за 6,8%.




## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на октомври 2015 година изнесуваа 2.188,0 милиони евра и во однос на претходниот месец се повисоки за 0,7 милиони евра, додека во однос на октомври минатата година се намалени за 241,1 милион евра.

Министерство за финансии

Сектор за макроекономска политика

„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје

www.finance.gov.mk